**Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска по повод Годишен брифинг за Асоцијацијата на одбранбени аташеи акредитирани во Република Северна Македонија**
**23.01.2023 година – Скопје**

Почитувани одбранбени аташеи,

2022 година беше полна со многу предизвици. Сè уште се справувавме со последиците од пандемијата КОВИД-19 кога се случи руската агресија врз Украина. Се соочуваме со најголемата безбедносна криза од крајот на Студената војна. Русија ни покажа дека мирот не треба да се зема здраво за готово и дека меѓународниот поредок заснован на правила може да биде и е оспорен. Во Европа, родното место на демократијата и просветителските идеи, не владее мир.

За жал, оваа криза не е завршена, напротив, се продлабочува и тоа негативно се одразува на нашите економски и енергетски сектори, како и на секојдневието на нашите граѓани. Република Северна Македонија најостро ја осуди руската неоправдана и неиспровоцирана воена агресија врз Украина. Ние сме целосно усогласени со обемниот пакет на санкции на ЕУ против Русија и ќе продолжиме да го правиме тоа и во иднина. Исто така, во тесна координација сме со НАТО сојузниците во обезбедувањето на потребната поддршка за Украина во однос на воена опрема, медицински залихи, хуманитарна помош и остануваме целосно посветени на Партнерството за зголемени можности НАТО-Украина, вклучително и во подготовката за постконфликтно закрепнување.

Покрај оваа последна криза, продолжуваме да се соочуваме и со сè поголеми безбедносни предизвици, како што се хибридни и сајбер закани, вклучувајќи и кампањи за ширење на дезинформации и злонамерна употреба на сè пософистицирани нови и дисруптивни технологии. Во 2022 година, ги здруживме нашите напори во НАТО да го поставиме нашиот заеднички пат во несигурната иднина. И верувам дека ги направивме вистинските чекори. Одлуките на самитот во Мадрид ни дадоа клучни насоки за градење на уште посилно одвраќање и одбрана и обезбедија повеќе информации за нашата агенда до 2030 година. Новиот Стратешки концепт е јасен. НАТО е одбранбена алијанса и никој не треба да се сомнева во нашата сила и решителност да ја браниме секоја педа од сојузничката територија и да го зачуваме суверенитетот и територијалниот интегритет на сите сојузници.

Сега, треба да продолжиме со брзо спроведување на нашите обврски со почитување на временската релевантност на идните активности. Првенствено, треба да се фокусираме на надминување на идентификуваните празнини во развојот на нашите способности и да ги усогласиме доделените Цели за способности; и треба да бидеме целосно посветени на имплементацијата на ветувањето за инвестиции во одбраната.

**Северна Македонија во 2022 година**

- Не може да има развој на способности без соодветно буџетирање. Тоа е факт, како и растот на буџетот на македонската одбрана во последните неколку години. Иако е предизвик, успеавме да го зголемиме нашиот буџет на одбраната за 2023 година на вкупно 274 милиони евра, што е 1,85% од БДП на Северна Македонија. Тоа е чекор што се вклопува во нашите планови за исполнување на ветувањето за инвестиции во одбраната на Самитот на НАТО во Велс за алоцирање на 2% од БДП за одбраната, и ние тоа ќе го постигнеме до 2024 година. Ако се земе предвид дека буџетот на одбраната во 2015 година беше само 94,4 милиони евра (1,08% од БДП), можеме да кажеме дека нашата посветеност на развојот на способностите на нашата Армија не е само политичка порака, туку реалност спроведена во пракса.

- Во согласност со безбедносните случувања и заедничките обврски со НАТО, на национално ниво, 2022 беше многу продуктивна година во однос на градењето на способностите.

- Продоложивме со имплементацијата на Долгорочниот план за развој на одбраната, со фокус на Планот за опремување и модернизација и градење на нашите способности во согласност со доделените Цели за способности. Наша приоритетна цел е опремувањето и модернизацијата на Лесната пешадиска баталјонска група (ЛПБГ) која е наш главен придонес за мисиите и операциите на НАТО.

- Со задоволство можам да информирам дека од 274 милиони евра, 33%, или 88,7 милиони евра се наменети за модернизација и опремување, што гарантира дека нашата Армија има средства да го продолжи актуелното и досега ненадминато темпо на модернизација. Првите 6 лесни оклопни возила JLTV Oshkosh беа испорачани пред неколку месеци и ќе го претставуваат новиот имиџ на Армијата на Република Северна Македонија. Ќе продолжиме со набавка на оклопните возила „Страјкер“, други специјализирани возила, воена опрема, системи за противвоздушна одбрана, опрема за

сајбер одбрана и други средства што ќе ја направат нашата Армија поспособна, а нашата колективна одбрана посилна.

- Оваа година беше одбележана со уште потесна и поплодна соработка со нашите сојузници. Во јуни го завршивме првиот Стратешки дијалог со САД, фокусирајќи се на нашите заеднички напори во областа на одбраната и развојот на армијата, достигнувањето на нашите Цели на способности на НАТО и модернизацијата. Соединетите Американски Држави продолжија да го поддржуваат нашиот развој – во 2022 година со пакет помош од 106 милиони американски долари и ние сме благодарни за нивната цврста посветеност на безбедноста на Северна Македонија, регионот и евроатлантската област.

- Следејќи ги стандардите на НАТО и нашите сопствени домашни планови, ние сме во процес на набавка на системи за воздушна одбрана со многу краток дострел од нашиот сојузник - Франција. Билатералната одбранбена соработка Северна Македонија - Франција забележа нов напредок во изминатата година. Дополнително, го завршивме првиот Стратешки дијалог меѓу нашите две министерства во Скопје во ноември, кога ја повторивме целосната посветеност за интензивирање на нашата билатерална соработка како сојузници во НАТО.

- Нашата интензивна соработка и со другите сојузници продолжува и би сакал да им се заблагодарам на Обединетото Кралство, Словенија и на сите други сојузници за нивната отвореност за соработка и за нивната помош и насоки во градењето на нашиот сопствен одбранбен сектор. И, дозволете ми да повторам - додека сите ние ги градиме нашите сопствени одбранбени капацитети, овие способности ја гарантираат нашата колективна безбедност.

- Работевме интензивно на подобрување на условите за работа и на нашиот персонал во Армијата. Законот за служба во армијата беше изменет со цел да се направи воената професија попожелна, за да можеме да го подобриме привлекувањето и задржувањето на квалификуван персонал. Спроведовме повеќебројни придобивки за нашите офицери, подофицери и професионални војници – затоа што тие ги заслужуваат и затоа што вложувањето во нашите човечки способности е наш врвен приоритет. Во истиот дух, инициравме изработка на нов Закон за вработените во МО. Нашата цел е да изградиме воена и цивилна структура способна и подготвена да ги понесе сите обврски кои произлегуваат од сè понесигурната безбедносна средина.

- Во однос на градењето специјализирани капацитети, Северна Македонија презема чекори за зајакнување на сопствените стратешки комуникации како начин на справување со дезинформациите и споделување на нашата праведна приказна со нашата јавност. Ја привршуваме новата Политика за стратешки комуникации со која ќе се реорганизираат комуникациските системи во МО и ќе се создаде процес за целосно функционални, проактивни и веродостојни стратешки комуникации. Со цел да ги поедноставиме нашите стратешки комуникации, градиме доверба преку транспарентност со јавноста пред која сме одговорни.

- МО останува најтранспарентната институција во Северна Македонија, со 100% усогласеност со сите неопходни критериуми. Целосно сме посветени да останеме најтранспарентна институција. Паралелно со тоа, преземаме чекори за да им помогнеме на другите владини институции да ја зголемат нивната активна транспарентност - неодамна организиравме курс за борба против дезинформации и градење отпорност во Регионалниот центар за односи со јавност наменет за владините комуникатори, каде што воведовме модул за активна транспарентност и разговаравме за успехот на МО како студија на случај. Започнавме процес за понатамошен развој на нашиот Регионален центар за односи со јавност, процес за стекнување на институционална акредитација на НАТО и негово ребрендирање во НАТО школа за односи со јавност.

- Исто така, ќе се осврнеме и на цивилната подготвеност да обезбедиме заштита на цивилите, континуитет на владата и испорачување на основните услуги за нашето население. Утврдивме недостатоци и празнини во националниот систем и презедовме неколку насоки на работа. Законот за критична инфраструктура е во фаза на изработка, а во наредниот период планираме да го завршиме процесот на одобрување.

- Се разбира, ниту една одбрана не е целосна. Така, отпорноста на системите и луѓето е од суштинско значење. Целосно се усогласивме во НАТО со предлогот за усвојување поинтегриран и подобро координиран пристап за поставување на отпорноста, за развој на националните цели за издржливост и плановите за имплементација и целосно спроведување на седумте основни барања. Во таа смисла, целосно го поддржавме формирањето на Комитетот за отпорност во НАТО и сме претставени во него преку Центарот за управување со кризи.

- Во однос на зајакнатите позиции и нашиот придонес во мисиите и операциите предводени од НАТО/ЕУ/ОН, Северна Македонија веќе придонесува во борбените групи во Романија и Бугарија под зајакната будност (еВА), како и во борбената група за

зајакнато присуство (еФП) во Латвија. И целосно ја поддржуваме заложбата за зајакнато одвраќање и одбранбено позиционирање на источното крило на нашата Алијанса.

- Имајќи ја предвид пошироката слика – евроатлантската област и европскиот континент, одлучни сме во намерата да ја одржиме безбедноста и стабилноста на регионот. Продолживме со поддршка на мисијата на НАТО во Косово – КФОР, како и на операцијата АЛТЕА на ЕУФОР во Босна и Херцеговина.

- На крајот на 2022 година почнавме да придонесуваме во мисијата на НАТО во Ирак и продолживме со нашиот придонес во Мисијата Европската Унија за обука на (ЕУТМ) во Централноафриканската Република и мисијата УНИФИЛ во Либан.

- Северна Македонија го поздрави поднесување на апликациите на Финска и Шведска за членство во НАТО. Сакаме да ги видиме нашите блиски партнери како членки на НАТО, што е можно поскоро. Финска и Шведска во нашите редови ќе ја зајакнат трансатлантската безбедност и соработката со ЕУ и ќе ги подобрат нашите капацитети за заштита на меѓународниот поредок, слобода и демократија засновани на правила.

- Имаме динамична агенда на патот кон Вилнус, со многу важни теми кои треба да се разгледаат и внимателно да се планираат. Важно е, во сегашните околности, да се покаже широко политичко единство, едногласност и обединет пристап, како клучен елемент на зајакнатото одвраќање и одбрана на Алијансата.